**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр.** 03-237
06.04 **2016 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 8, а во врска со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година и Писмениот извештај за извршен програмски надзор бр.10-1945/1 од 31.03.2016 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги односно поради не почитување на правилата за заштита на малолетната публика, од страна на Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21 – М ДООЕЛ Скопје, Директорот на Агенцијата го донесе следното:

**Решение**
**за преземање мерка – опомена**

1. СЕ ОПОМЕНУВА Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21 – М ДООЕЛ Скопје, заради извршена повреда на член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14 101/14 и 132/14) и на член 16, член 17 и член 22 од Правилникот за заштита на малолетните лица („Службен весник на Република Македонија“ бр.172/14), а казнива по член 147 став 1 точка 10 и став 2 од истиот Закон, на начин што во програмскиот сервис на Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21 – М ДООЕЛ Скопје, емитуван на 2 март 2016 година, премиерите и репризите на серијалите: „Sila“, „Hatirla Gönül / Kujtohu“ и „Avenida Brasil“ се означени со погрешна предупредувачка сигнализација, дел од епизодите на серијалите „Sila“ и „Hatirla Gönül / Kujtohu“ се емитувани и во несоодветни термини од деноноќието, а промотивните најави за епизоди од серијалите „Sila“ и „Hatirla Gönül / Kujtohu“ се емитувани без предупредувачката сигнализација за соодветната категорија програма.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.10-1945/1 од 31.03.2016 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21 – М ДООЕЛ Скопје, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на ова Решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за заштита на малолетните лица.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова Решение е конечно.

**О б р а з л о ж е н и е**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од цитираниот Закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги презема мерки согласно со овој Закон во случаите кога е извршена повреда на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги или на прописите донесени врз основа на него, како и на условите и обврските од дозволите и други акти на Агенцијата.

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги преку Секторот за програмски работи - Одделението за програмски и административен надзор, на 30 март 2016 година, изврши редовен програмски надзор (мониторинг) на телевизискиот програмски сервис на Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21 – М ДООЕЛ Скопје, емитуван на 2 март 2016 година, при што констатираше прекршување на член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на член 16, член 17 и член 22 од Правилникот за заштита на малолетните лица, а казниво по член 147 став 1 точка 10 и став 2 од истиот Закон, односно дека на 2 март 2016 година, премиерите и репризите на серијалите: „Sila“, „Hatirla Gönül / Kujtohu“ и „Avenida Brasil“ се означени со погрешна предупредувачка сигнализација, дел од епизодите на серијалите „Sila“ и „Hatirla Gönül / Kujtohu“ се емитувани и во несоодветни термини од денонокието, а промотивните најави за епизоди од серијалите „Sila“ и „Hatirla Gönül / Kujtohu“ се емитувани без предупредувачката сигнализација за соодветната категорија програма.

Имено, на 2 март 2016 година, на програмскиот сервис на Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21 - М ДООЕЛ Скопје, премиерите и репризите на епизоди од турските серијали „Sila“ и „Hatirla Gönül / Kujtohu“ се погрешно означени како програма од Прва категорија и се емитувани во несоодветни програмски термини што ги опфаќаат периодите: од 09 до 10 часот, односно – од 12 до 13, и од 13 до 14 часот. Според насоките од Правилникот за заштита на малолетните лица, поради чести и долготрајни сцени и секвенци (последователни, драматуршки смисловно заокружени глетки / кадри и сцени) на експлицитно прикажано вербално и психофизичко насилство, премиерите и репризите на овие серијали треба да бидат класифицирани како – Програми од трета категорија, што не се препорачуваат за деца под 12 години, и со таквата класификација да бидат емитувани само во периодот од 20 до 05 часот, кога е зголемена веројатноста за родителски / старателски надзор, односно кога се намалува бројноста на малолетната телевизиска публика. Со видлива класификациска ознака 12+, треба да бидат емитувани и промотивните најави за споменатите серијали, кои се емитуваат неозначено.

Поради драматуршки мотиви главно засновани на интриги (завист / одмаздољубивост), прикажани низ ретки, но долготрајни сцени/глетки со вербално, психофизичко насилство и со еротика - премиерите, репризите и промотивните најави за серијалот „Avenida Brasil“, треба да се означуваат како - Програма од втора категорија, а се означени како програма од Прва категорија.

Повредата од точка 1 став 1 од ова Решение, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.10-1945/1 од 31.03.2016 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

Следствено на тоа, врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 8, а во врска со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година и Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.10-1945/1 од 31.03.2016 година, поради констатирано непочитување на одредба од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за заштита на малолетните лица, утврдено во точка 1 на ова Решение, директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, донесе решение, со кое кон Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21 – М ДООЕЛ Скопје, се презема мерка – опомена и со кое на радиодифузерот му наложи, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на ова Решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за заштита на малолетните лица. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Директор,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА * СКОПЈЕ * Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

**Упатство за правно средство:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Прилог (1):**

1) Писмен извештај за извршен програмски надзор, бр.10-1945/1 од 31.03.2016 година.

**Доставено до:**

- Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21 – М ДООЕЛ Скопје;
- Управителот на Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21 – М ДООЕЛ Скопје;
- Одговорното лице на програмата во правното лице;
- Секторот за правни и економско-финансиски работи;
- Секторот за програмски работи;
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп 1.